Центар за истражување и анализи
НОВУС

# ПОЛИСИ БРИФ

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА УЧЕСТВОТО НА МЛАДИТЕ ВО ПОЛИТИКАТА ПРЕКУ ИЗМЕНА НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК:

## ПАТОКАЗ ЗА ИНКЛУЗИВНА ДЕМОКРАТИЈА

2025

**Центар за истражување и анализи НОВУС**

**Издава:** Центар за истражување и анализи НОВУС – Струмица,
ул. „Васил Сурчев“ бр. 56, Струмица
Е-пошта: contact@associationnovus.org
Веб адреса: https://associationnovus.org

**Изработиле:** Бојан Кордалов, Томе Гушев и Ѓорги Милушев

**Дизајн:** Данче Кирова

**Лектор:** Васка Кирова

**Локација и датум:** Струмица, декември 2024

**Поддржано од:** Националната фондација за демократија – NED

## Главни цели на проектот:

1. Зголемување на информираноста кај младите за изборните процеси и нивните права како гласачи.
2. Поттикнување на младите да се вклучат во креирањето политики преку инклузивни и одржливи иницијативи.
3. Изработка на препораки за реформи во Изборниот законик, со цел обезбедување поголема младинска застапеност.

**Мислењата и ставовите изразени во овој документ се на автор(ите) и не ги одразуваат задолжително ставовите на Националната фондација за демократија (NED) или на некои од нејзините партнери. Содржината овде пренесена е исклучиво за информативни цели и не подразбира поддршка или одобрување од страна на донаторот или било која афилирана организација.**

**Овој документ е дел од проектот „Иницијатива за зајакнување на демократијата: зајакнување на политичкиот ангажман и учество во Р.С.Македонија“, финансиски поддржан од Националната фондација за демократија (NED). Проектот има за цел да ја зајакне политичката писменост и учеството на младите во демократските процеси во Северна Македонија. Проектот се реализира од Центарот за истражување и анализа НОВУС.**

## Содржина:

Policy Paper: "Зголемување на учеството на младите во политиката преку измена на Изборниот законик: патоказ за инклузивна демократија“ ... 5

Проблемот со учеството на младите во политиката ... 5

Пречки за малото учество на младите во политиката ... 5

Цел ... 6

Компаративна анализа на земји со намалена старосна граница за гласање и квоти за млади во политиката ... 7

Цел на истражувањето ... 7

Метод на компаративна анализа ... 7

Избор на земји за анализа ... 7

Методи на собирање податоци ... 7

Прв предлог: Намалување на старосната граница за стекнување активно избирачко право на 16 години ... 8

Примери на држави коишто го имаат намалено цензусот за стекнување активно гласачко право ... 8

Австрија (2007) ... 8

Шкотска (2014) ... 9

Бразил (1988) ... 10

Аргентина (2012) ... 12

Германија ... 13

Втор предлог: Потреба од воведување позитивна дискриминација (квоти) за млади ... 14

Примери на европски држави коишто имаат квоти за млади во политичките партии ... 17

1. Франција ... 17

2. Шведска ... 17

3. Португалија ... 17

4. Романија ... 17

5. Грција ... 18

6. Норвешка ... 18

7. Германија ... 19

Заклучок ... 20

Како анализата може да помогне кај нас? ... 20

Препораки ... 22

Препораки за намалување на границата за гласање ........ 22
1. Интегрирање на граѓанското образование во формалното образование ........ 22
2. Пилот-проекти за намалување на гласачката возраст на локално ниво ........ 22
3. Поддршка за младинска политичка мобилизација ........ 22
4. Инклузивност и целно прилагодени кампањи ........ 22
5. Модернизација на изборниот процес ........ 23
6. Мониторинг и анализа на резултатите ........ 23
7. Изработка на правна рамка ........ 23
Потенцијални придобивки: ........ 23
**Препораки за воведување квоти** ........ 24
Заклучна поента ........ 25
**Дополнителни активности неопходни за надминување на јазот или „преку младинска застапеност во носење на одлуките до развиена и успешна држава“** ........ 26
Листа на институции, организации и други субјекти што се надлежни за спроведување на промената и како очекуваме тие да придонесат конкретно? ........ 34
Шест дополнителни предлог-иницијативи и идеи за соработки и поттикнување на овие институции, организации и други субјекти со цел нивно поголемо вклучување во процесот на креирање на промената: поголема и правична застапеност на младите луѓе во процесите на носење одлуки на централно и локално ниво ........ 38
Временската рамка за спроведување: ........ 41
**ЗАКЛУЧОК:** ........ 42
Зошто е неопходно премостување на јазот и поголемо учество, односно правична застапеност на младите во креирањето политики и носењето одлуки? ........ 42
**Корисни линкови:** ........ 44

# POLICY PAPER: "ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА УЧЕСТВОТО НА МЛАДИТЕ ВО ПОЛИТИКАТА ПРЕКУ ИЗМЕНА НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК: ПАТОКАЗ ЗА ИНКЛУЗИВНА ДЕМОКРАТИЈА“

**I.**

## Проблемот со учеството на младите во политиката

## Пречки за малото учество на младите во политиката

Малото учество на младите во политиката е сложен проблем кој произлегува од повеќе фактори, како што се: социјалните, економските, образовните и културните бариери. Во Македонија, како и во многу други земји, овие предизвици создаваат круг на политичка апатија и недоволна репрезентација на младите. Како клучни пречки можат да се детектираат: недовербата во политичкиот систем, недоволната политичка едукација, политичката култура и стереотипите, недостатокот на можности за учество.

Младите често изразуваат *недоверба кон политичките институции и процеси*, коишто ги сметаат за корумпирани, неефикасни или несоодветни за решавање на нивните проблеми. Во Македонија, ова е особено изразено поради историските и тековните политички кризи што го поттикнуваат чувството дека гласот на младите не е важен или влијателен.

Во многу образовни системи, вклучувајќи го и македонскиот, *граѓанската и политичката едукација се недоволно застапени или несоодветно имплементирани*. Младите не добиваат потребни информации за нивната улога како граѓани, ниту за тоа како да се вклучат во политичките процеси, што ги прави несигурни и незаинтересирани за политичко ангажирање.

*Политичката култура во многу земји ги става младите во пасивна улога*, сметајќи дека политиката е "премногу сериозна" или "прерана" тема за нив. Овој стереотип се надополнува со недостаток на примери за млади политички лидери, што дополнително ја демотивира оваа група.

Економската несигурност, невработеноста и недостатокот на можности ги принудуваат младите да се фокусираат на егзистенцијални проблеми, наместо на политички прашања. Ова е особено проблематично во земјите како Македонија, каде што многу млади размислуваат за емиграција како решение за своите проблеми.

# ЦЕЛ

Документот за политики има за цел да одговори на проблемот на недоволната вклученост на младите во политичките процеси, што претставува значаен предизвик за демократските општества. И покрај тоа што младите луѓе сочинуваат значаен дел од населението, нивното учество во процесите на донесување одлуки е многу ограничено. Оваа неусогласеност не само што ја поткопува основата на инклузивната демократија, туку носи и сериозни долгорочни последици за развојот на општествата.

Целта на овој документ е да идентификува конкретни мерки и препораки со кои ќе се создадат предуслови за поголема вклученост на младите во политиката. Преку анализа на постоечките бариери, како што се недостатокот на пристап до информации, ограничената политичка едукација, стереотипите за младите и институционалните препреки, документот предлага стратегии за нивно надминување.

Основната цел е да се промовира создавање политики кои ќе ги препознаат младите како рамноправни партнери во политичките процеси. Ова подразбира подобрување на пристапот на младите до одлучувачките позиции, обезбедување платформи за нивно учество и градење механизми за поттикнување на нивната ангажираност.

На долг рок, документот има за цел да придонесе за создавање политики што ќе ги рефлектираат потребите и перспективите на младите, а со тоа ќе овозможат решавање на приоритетни прашања како што се квалитетното образование, намалувањето на невработеноста, климата и технолошкиот развој. Само преку интеграција на младите во политичките процеси, општествата можат да осигураат одржлив развој и демократска стабилност.

# КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ЗЕМЈИ СО НАМАЛЕНА СТАРОСНА ГРАНИЦА ЗА ГЛАСАЊЕ И КВОТИ ЗА МЛАДИ ВО ПОЛИТИКАТА

## Цел на истражувањето

Главната цел на оваа студија е да се идентификуваат и анализираат искуствата на земјите што ја имаат намалено старосната граница за гласање и/или имаат воведено квоти за младите во политичките институции. Истражувањето се стреми да утврди добри практики и влијанието на овие мерки врз политичката партиципација на младите.

## Метод на компаративна анализа

Компаративната анализа е применета како основен метод за споредување на политичките и законодавните рамки, како и ефектите од имплементацијата на мерките во различни земји.

## Избор на земји за анализа

Земјите се избрани врз основа на следниве критериуми:

- Примената на намалена старосна граница за гласање (16 или 17 години).
- Присуството на законски одредби за квоти за млади во политиката.
- Различен степен на економски, социокултурен и политички развој за да се обезбеди разновидност.

## Методи на собирање податоци

- Анализа на документи: Преглед на законодавни акти, стратегии и политички извештаи поврзани со младите и нивната политичка вклученост.
- Преглед на литература: Студија на академски трудови и извештаи од меѓународни организации како УНДП или Интерпарламентарната унија.

# ПРВ ПРЕДЛОГ: НАМАЛУВАЊЕ НА СТАРОСНАТА ГРАНИЦА ЗА СТЕКНУВАЊЕ АКТИВНО ИЗБИРАЧКО ПРАВО НА 16 ГОДИНИ

Намалувањето на старосната граница за гласање на 16 години е тема што добива сè повеќе внимание во светски рамки, како дел од напорите за зголемување на учеството на младите во демократијата. Еве неколку примери на земји каде што оваа мерка е веќе воведена или каде што активно се размислува за нејзино имплементирање.

## Примери на држави коишто го имаат намалено цензусот за стекнување активно гласачко право

## Австрија (2007)

Во 2007 година Австрија стана првата земја во Европската Унија која како дел од поширокиот пакет реформи, ја намали старосната граница за гласање на 16 години за сите избори – локални, национални и европски[1]. Оваа мерка беше мотивирана од желбата да се зголеми политичката свест и учеството на младите. Причината за оваа промена беше верувањето дека младите се доволно зрели за да учествуваат во демократски процеси. Истражувањата покажуваат дека гласачката излезност на младите во Австрија е споредлива или повисока од онаа на повозрасните групи.

Helmut Wintersberger (2016)[2] во својата студија за австриската изборна реформа од 2007 година, со која се намали возрасната граница за гласање на 16 години, смета дека намалувањето на возраста за гласање придонесе за зголемена излезност на младите гласачи на изборите. Неговото истражување покажа дека младите гласачи на возраст од 16 и 17 години се подеднакво, ако не и повеќе информирани и ангажирани во споредба со повозрасните гласачи. Во прилог на ова е и податокот дека политичките одлуки на младите биле внимателно обмислени, спротивно на скептицизмот околу нивната зрелост. Авторот понатаму во својата студија ја истакнува улогата на образовниот систем како клучна во обезбедувањето политички писмени и информирани млади. Политичката едукација во училиштата тој ја идентификува како (нај)важен фактор за успешна имплементација на реформата.

Како долгорочни ефекти од реформата се истакнуваат: создавањето нова генерација гласачи, поголема политичка свест кај младите, зголемена доверба во институциите,

[1] Wintersberger, Helmut. (2016). Voting Age 16 - The Austrian Electoral Reform 2007.
[2] Wagner, M., Johann, D., & Kritzinger, S. (2012). *Voting at 16: Turnout and the quality of vote choice*. Electoral Studies, 31(2), 372–383.

различност во политичкиот пејзаж и сл. Намалувањето на возрасната граница на 16 години во Австрија поттикна рано вклучување на младите во демократскиот процес. Ова резултираше со генерација која има поголема веројатност да развие трајни навики за учество на избори. Реформата поттикна интерес за политички теми уште во тинејџерските години. Ова овозможи создавање политички освестени млади граѓани, коишто се способни да носат информирани одлуки и да ја разбираат комплексноста на политичките системи. Младите гласачи коишто учествуваа на изборите изразија поголема доверба во демократските институции, бидејќи почувствуваа дека нивниот глас се цени и има влијание. Вклучувањето помлади гласачи донесе нова динамика во политичките дискусии, отворајќи прашања што се особено релевантни за младите, како што се образованието, климатските промени и дигитализацијата.

Иако реформата се смета за успешна, се покажа дека постои потреба за постојано ажурирање на програмите за политичко образование за да се осигура дека сите млади добиваат доволно информации и вештини за активно учество.

## Шкотска (2014)

На референдумот за независност во 2014 година, младите на 16 и 17 години имаа право да гласаат, а тоа резултираше со висока излезност и ангажираност. Eichhorn (2014)[3] во својата студија за учеството на младите во шкотскиот референдум за независност смета дека намалувањето на возрасната граница за гласање на 16 години поттикна значителна политичка мобилизација кај младите.

Во својата студија тој истакнува дека младите гласачи на возраст од 16 и 17 години покажале високо ниво на политичка информираност и активно учество во јавната дебата. Истражувањето покажа дека младите гласачи не само што излегоа на гласање во висок процент, туку и донесоа информирани одлуки. Вклучувањето на младите на референдумот го поби аргументот дека помладите гласачи немаат доволно политичка зрелост. Според авторот, образовниот систем ја одиграл клучната улога во подготвувањето на младите за нивната нова политичка улога. Училиштата и наставниците активно ги охрабрувале учениците да дебатираат за референдумот и да истражуваат релевантни информации.

Иако студијата е претежно позитивна, Eichhorn истакнува дека е потребно да се обезбеди континуирана поддршка преку образовни и општествени институции за младите да

[3] Eichhorn, J. (2014). *Voting at 16 in the Scottish Independence Referendum: Lessons for the future of youth political engagement*.

останат ангажирани и информирани. Препорачува подобро следење на долгосрочните ефекти на гласањето на 16 години врз политичката ангажираност.

Гласањето на 16 години го поттикна чувството на политичка одговорност кај младите, што има долгорочен ефект врз нивната политичка ангажираност и доверба во демократскиот систем. Оваа вклученост на рана возраст може да создаде генерација со поголемо политичко учество и граѓанска свест.

Успешната имплементација го поттикна Шкотскиот парламент да ја намали старосната граница за локалните и парламентарните избори на 16 години[4]. Младите гласачи покажаа силен интерес за теми коишто директно ги засегаат како што се  животната средина, образованието и иднината на Шкотска.

Успешното спроведување на гласање на 16 години во Шкотска служи како позитивен пример за другите земји кои размислуваат за слични реформи. Вклучувањето на младите на ова ниво покажа дека тие се важен дел од демократскиот процес и дека нивниот глас може да има значење.

## Бразил (1988)

Бразил го воведе правото на гласање за младите од 16 години како дел од Уставот од 1988 година, кој беше усвоен по крајот на воената диктатура (1964–1985). Овој Устав ја постави основата за демократско управување и вклучување на сите возрасни групи во политичкиот процес. Одлуката беше мотивирана од желбата за демократизација и вклучување на младите по периодот на диктатурата. Друга причина е и фактот дека во Бразил, на 16 години младите можат да започнат да работат и да плаќаат даноци. Со ова се сметало дека тие се доволно зрели да учествуваат и во изборниот процес. Младите во Бразил имаат долга историја на учество во социјални и политички движења, како што беше движењето "Diretas Já!" во 1980-тите години, кое повикуваше на директни избори.[5]

Во согласност со член 14 од Уставот[6]:

- Гласањето е доброволно за млади лица на возраст од 16 и 17 години и за лица над 70 години.
- Гласањето е задолжително за сите граѓани од 18 до 70 години.

---

[4] Scottish Elections (Reduction of Voting Age) Act 2015, достапно на <https://www.legislation.gov.uk/asp/2015/7/enacted/data.pdf>, пристапено на 24. 11.2024 г.

[5] Ribeiro, E. G. (2013). *Youth and Voting: Brazil's Experience of Voting at 16*.

[6] Уставот на Бразил е достапен на <https://www.planalto.gov.br/ccivil_03/constituicao/constituicao.htm>, пристапено на 24. 11.2024 г.

Со повеќе од 2 милиони регистрирани гласачи на возраст од 16 и 17 години, младите претставуваат значителна група во изборниот процес и со тоа претставуваат значаен политички фактор.

Статистиките[7] покажуваат дека младите активно учествуваат во изборите, особено во регионите каде што политичката култура е силна. Бразил спаѓа меѓу земјите кои најмногу вложуваат во граѓанското образование преку училишниот систем, што помага младите да ја разберат важноста на гласањето[8].

Од друга страна, Националната изборна комисија (Tribunal Superior Eleitoral – TSE) активно спроведува програми за политичка едукација на младите. Од неодамна активно работи на промовирање на инклузија и политичко учество, особено на малцинствата, со цел консолидирање и зајакнување на демократијата и институциите во Бразил. Преку честите контакти со Меѓународната фондација за изборни системи (IFES), кои започнаа со посета на седиштето на IFES во октомври 2020 година, овие иницијативи еволуираа во заедничка подготовка на два концептуални документи, наречени „Борба против онлајн и офлајн насилството врз жените во јавниот живот во Бразил“ и „Овозможување на бразилската младина за учество во демократските процеси“. Вториот документ има за цел да го зголеми учеството на младите Бразилци во политичките и изборните процеси преку изработка на онлајн курс за концептите на политика и демократија, како и обука на наставници.[9]

Истражувањата покажуваат дека гласачката излезност кај младите на 16 и 17 години е стабилна, иако е малку пониска во споредба со повозрасните групи. Кампањите за регистрација на млади гласачи редовно ја зголемуваат политичката мобилизација. Политичките партии и кандидатите често користат младински кампањи за да ја поттикнат поддршката од оваа демографска група.[10]

---

[7] Статистичките податоци се достапни на интернетската страница на Националната изборна комисија <https://international.tse.jus.br/en/elections/statistics>, пристапено на 24. 11. 2024 г

[8] Almeida, C., & Silva, P. (2018). *Political Socialization and Electoral Engagement of Young Brazilians*.

[9] Повеќе информации можат да се најдат на <https://international.tse.jus.br/en/affirmative-actions/empowering-brazilian-youth-to-participate-in-democratic-processes>, пристапено на 24. 11. 2024 г.

[10] Singer, A. (2014). *Democracy and Youth Participation in Brazil: A Socioeconomic Perspective*

## Аргентина (2012)

Во 2012 година, Аргентина го усвои законот[11] за доброволно гласање за 16 и 17-годишните. Владата ја оправда оваа одлука со аргументите дека младите веќе имаат обврски (на пример, плаќање даноци) и затоа треба да имаат право на глас.

Според Tedesco[12], реформата од 2012 година, со која се намали возрасната граница за гласање на 16 години, претставува извонреден пример за поттикнување на младинското учество во политиката. Оваа реформа не само што ги мобилизираше младите гласачи, туку и го редефинираше начинот на кој политичкиот систем ја перципира младинската популација.

Младите на возраст од 16 и 17 години за првпат добија можност да учествуваат на изборите, и тоа на доброволна основа. Нивната реакција била импресивна: голем број од младите гласачи одлучиле да го искористат своето право, изразувајќи чувство на одговорност и свесност за нивната улога во демократските процеси.

Овој чекор донел значајни промени во политичкиот пејзаж. Политичките партии и кандидатите почнале да ја насочуваат својата кампања кон младинските прашања, како што се образованието, дигиталните права и можностите за вработување. Ова довело до создавање политичка агенда што повеќе ги рефлектира потребите и интересите на младите генерации.

Успехот на реформата делумно се должел на поддршката од семејството и образовниот систем. Училиштата играле клучна улога во подготвувањето на младите за оваа нова улога преку поттикнување дискусии за политиката и демократијата. Покрај тоа, политичкото образование и социјализацијата преку семејството создале средина каде што младите се чувствуваат охрабрени да бидат активни и информирани.

Како долгорочен ефект, реформата го поттикна создавањето генерација со зголемена политичка свест и доверба во институциите. Ова ја потврди тезата дека младите, кога ќе им се даде можност, можат да бидат конструктивни учесници во демократскиот процес.

Искуството на Аргентина покажува дека промовирањето на младинското учество бара повеќе од само законски промени. Тоа подразбира долгорочна стратегија што ќе ја поддржи оваа ангажираност преку образование, дигитална комуникација и вклучување на младите во процесите на одлучување. Аргентина го демонстрира потенцијалот на

[11] Закон 26.774, познат како *Закон за гласање за младите* (2012).
[12] Tedesco, L. (2014). Youth Electoral Participation in Latin America: The Case of Argentina.

младите како двигатели на демократијата, давајќи пример што другите земји можат да го следат.

## Германија

Во некои сојузни држави на Германија, младите веќе можат да гласаат на локалните избори на 16 години. Во последниве години се води дебата за проширување на оваа можност на национално ниво.

Студијата на Schiller и Bernd[13] ги анализира младинските гласачки права во Германија, фокусирајќи се на разликите меѓу федералното и локалното ниво, како и на влијанието на младинското гласање врз политичкиот систем. Во контекст на нашата анализа за намалување на гласачката возраст, оваа студија може да понуди релевантни паралели и важни поуки.

Во Германија, младите од 16 години имаат право да гласаат на локални избори во неколку сојузни покраини (на пр., Бремен, Хамбург, Саксонија). На федерално ниво, минималната старосна граница за гласање останува 18 години. Ова двојно ниво создава различни искуства кај младите во зависност од местото на живеење и го отвора прашањето за потребата од унифициран пристап.

Истражувањата покажуваат дека младите гласачи на 16 и 17 години имаат стапка на учество слична на повозрасните групи, особено ако постојат соодветни механизми за политичко образование и мобилизација.

Локалните избори често се фокусираат на прашања што директно ги засегаат младите (на пр., училишта, јавен транспорт, културни иницијативи), што дополнително ги мотивира.

И во оваа студија, политичката едукација преку училиштата е идентификувана како клучен фактор за успешна интеграција на младите во изборниот процес. Германија има систематски програми за граѓанско образование што придонесуваат за политичка писменост и подготвеност за гласање.

Студијата препорачува разгледување на можноста за намалување на гласачката старосна граница на федерално ниво за да се постигне конзистентност и да се зголеми политичката мобилизација на младите.

[13] Schiller, T., & Bernd, P. (2018). Youth Voting Rights in Germany: Federal and Local Perspectives.

# ВТОР ПРЕДЛОГ: ПОТРЕБА ОД ВОВЕДУВАЊЕ ПОЗИТИВНА ДИСКРИМИНАЦИЈА (КВОТИ) ЗА МЛАДИ

Квотите за младинско учество во политиката претставуваат форма на позитивна дискриминација што има за цел да обезбеди поголема репрезентација на младите во одлучувачките процеси. Тие се неопходен инструмент за коригирање на структурните нееднаквости што го спречуваат активното учество на младите и за осигурување на нивниот глас во политиката.

Позитивната дискриминација, како што е воведувањето квоти, е оправдана во случаите кога: постои историска или структурна нееднаквост, целта е поголема праведност, а не привилегија и има долгорочен ефект врз културните и структурните промени.

Младите, како и жените или малцинствата, често се соочуваат со длабоко вкоренети бариери што ги спречуваат во еднаквото учество. Квотите се привремена мерка за надминување на овие бариери.

Квотите не значат давање "несправедлива предност," туку обезбедување услови за еднакво поле на игра. Тие создаваат шанси за младите кои инаку би биле маргинализирани.

Присуството на младите во политичките структури може да иницира промени кои ќе водат до трајна инклузија и ќе ги отстранат потребите за квоти во иднина.

Главните придобивки од воведувањето квоти би биле корекција на генерациската нерамнотежа, зголемување на политичката инклузивност, подобрување на политичката култура, претставување на специфичните младински интереси и надминување на бариерите за учество.

Во многу политички системи, особено во земји како Македонија, политичките процеси се доминирани од постарите генерации. Ова води до занемарување на приоритетите и перспективите на младите, кои се исклучени од одлучувањето. Квотите се механизам што го адресира овој дисбаланс, обезбедувајќи место за младите во институциите.

Квотите го отвораат патот за вклучување на младите од различни социјални, економски и етнички групи, што е клучно за демократизација на општеството. Инклузивните политички процеси ги прават институциите поотпорни и поблиски до сите граѓани.

Кога младите се вклучени во политичките процеси, тие носат иновативни идеи, нови перспективи и свежа енергија. Ова може да помогне во разградување на стереотипите за младите како "неискусни" или "неподготвени" за носење одлуки.

Квотите осигуруваат дека клучните прашања за младите, како што се образованието, дигиталните вештини, климатските промени и пристапот до работните места, се приоритети во политичката агенда.

Во ситуации каде што постојат системски бариери (економски, социјални, културни), квотите создаваат загарантирано место за младите. Ова го намалува ризикот од исклучување и ги мотивира младите да се вклучат.

Воведувањето на квотите за млади луѓе во политиката се ефикасен механизам за зголемување на нивното учество во процесите на носење одлуки и за подобрување на младинската застапеност во политичките институции. Постојат три основни модели на квоти за млади:

### 1. Резервирани места во парламентите за млади

Овој модел обезбедува одреден број места во парламентот што се резервирани исклучиво за млади луѓе. Оваа мерка гарантира дека младите ќе имаат свои претставници во законодавниот дом и ќе можат директно да влијаат на процесите на носење одлуки. Оваа практика се применува во земји како што е Руанда, каде што се резервирани места за млади претставници во парламентот.

### 2. Законски определени квоти за кандидати

Во овој случај, политичките партии се законски обврзани да номинираат одреден процент млади луѓе како свои кандидати, обично на партиските листи за избори. Целта е да се осигура дека партиите активно вклучуваат млади лица и им овозможуваат да се кандидираат за позиции на локално, национално или регионално ниво.

Овие квоти се дел од изборниот закон во некои земји, како што е Тунис, каде што е предвидено минимум 25% од кандидатите на изборните листи да бидат млади луѓе.

### 3. Доброволни квоти на политички партии

Политичките партии можат да воведат доброволни квоти за млади во своите редови, иако не се обврзани со закон да го прават тоа. Оваа мерка се заснова на

внатрешната политика на партијата и на нејзината заложба за зголемено учество на младите. Примери за ваков тип квоти можат да се најдат кај политички партии во Шведска и Норвешка, каде што младинските крила на партиите се активни и работат на обезбедување застапеност на младите на изборните листи. Во Шведска повеќе политички партии имаат усвоено цел за обезбедување на најмалку 25% од нивните кандидати да бидат под 35-годишна возраст. Резултат на тоа е натпросечното ниво на претставување пратеници под 30 години (6,6 %) и под 40 години (28,9%).

Овие модели на квоти претставуваат важни чекори кон поттикнување на младите да се вклучат во политичкиот живот и во процесите на донесување одлуки. Истовремено, тие придонесуваат за осигурување на балансирано и праведно претставување на различни возрасни групи во политичките институции.[14]




[14]**Inter-parliamentary Union. (2023).***Youth participation in national parliaments: 2023*. Inter-parliamentary Union., p. 39 <https://www.ipu.org/resources/publications/reports/2023/youth-participation-in-national-parliaments>, пристапено на 16. 12. 2024г.

## Примери на европски држави коишто имаат квоти за млади во политичките партии

### 1. Франција15

Франција е еден од лидерите во вклучување на младите во политиката. Иако Франција има обврзувачки квоти за родова еднаквост (за да се зголеми учеството на жените во политиката), последните реформи ги вклучуваат младите. Франција започна иницијативи за вклучување млади кандидати до 35 години на изборните листи, иако ова не се квалификува како класична квота. Ова се прави со цел да се стимулира политичките партии да ги вклучат младите во своите редови, истовремено да се обезбеди генерациска обновеност во политиката и да се привлечат нови, младински гласачи.

### 2. Шведска[16]

Шведска е позната по своите прогресивни политики за инклузија на младите. Системот на субвенции и поддршка за политичките партии коишто се трудат да ги вклучат младите на нивните изборни листи е клучен. За разлика од Франција, Шведска нема строго обврзувачки квоти, но ги охрабрува политичките партии да ја прифатат младинската инклузија преку финансиски поттикнувања. Партиите што вклучуваат кандидати под 35 години добиваат поголеми субвенции и поддршка од државата, што ја зголемува мотивацијата за политичка инклузија.

### 3. Португалија[17]

Португалија има стратегија што ги вклучува младите во политиката преку стимулирање на политичките партии да номинираат кандидати до 35 години. Се смета дека младите треба да имаат поголемо влијание врз политичките процеси, па затоа политичките партии добиваат финансиска поддршка од државата ако ги вклучат младите како свои кандидати на изборните листи. Ова е специфичен облик на индиректна квота, кој има за цел да ја зголеми младинската репрезентација.

### 4. Романија[18]

---

[15]**Besson, L. (2020).***Youth and politics in France: A study of recent reforms and their impact on political party dynamics*. Journal of European Politics, 35(2), 234-250.
[16]**Inter-parliamentary Union (IPU). (2021).***Youth participation in national parliaments: Country case studies, including Sweden*. Inter-parliamentary Union.
[17]**Inter-parliamentary Union (IPU). (2021).***Youth participation in national parliaments: The case of Portugal*. Inter-parliamentary Union.

Во Романија младите се поттикнувани да учествуваат во политиката преку неформални квоти. Се охрабруваат политичките партии да ги вклучат младите на изборните листи, иако не се поставени строги квоти. Иако Романија нема задолжителни квоти, постојат иницијативи за вклучување на младите и да се гарантира дека политиката е репрезентативна на сите возрасни групи. За партии кои покажуваат посветеност на младинската инклузија, се нудат и субвенции и други облици на поддршка.

## 5. Грција[19]

Грција нема обврзувачки квоти за младите, но има поттикнувачки политики. Иако политичките партии не се обврзани да поставуваат кандидати помлади од 35 години, се охрабруваат да го прават тоа за да привлечат повеќе млади гласачи. Понекогаш се користат и други форми на поддршка за политичките партии што вклучуваат млади во своите редови. Ова е дел од пошироката стратегија за модернизација на политичките партии и овозможување поедноставен пристап на младите кон политиката.

## 6. Норвешка[20]

Во Норвешка младите политичари постигнуваат високо ниво на учество благодарение на политиките што промовираат *квоти за лица под 30 години*. Ова се исполнува со воведување на следните политики: намалена старосна граница за кандидирање каде што Законот овозможува лица над 18 години да се кандидираат за локалните избори, што ги мотивира младите да се вклучат во политиката од рана возраст. Потоа се обезбедува *финансиска поддршка за подмладоците* коишто добиваат финансии за обуки и кампањи, како и *промоција преку младински форуми*, каде што политичките партии организираат младински конференции и *каде што младите имаат можност да ги претставаат своите идеи.*[21]

---

[18] **Stoica, M. (2020).** *Youth and political inclusion in Romania: An analysis of informal quotas and financial incentives*. Journal of Eastern European Politics, 42(1), 58-74.
[19] **Papadopoulos, E. (2020).** *Youth inclusion in Greek politics: A critical analysis of the political parties' strategies and incentives*. Journal of Mediterranean Politics, 26(3), 210-225.
[20] **Norwegian Ministry of Local Government and Modernisation. (2022).** *Youth participation in politics in Norway: Reforms, quotas, and incentives*. Norwegian Ministry of Local Government and Modernisation. <https://www.regjeringen.no/en/dep/kmd/id200/>, пристапено на 16.12. 2024 г.
[21] **Sund, E. & Hansen, L. (2020).** *Youth inclusion and political reforms in Norway: The role of quotas, financial support, and youth forums*. Journal of Scandinavian Politics, 38(2), 123-140.

## 7. Германија

Германија практикува политики што опфаќаат воведување *квоти за млади во партиите*. Партиите имаат неформални квоти што осигуруваат дека млади кандидати ќе бидат вклучени на изборните листи. Следна политика е *финансирање на младински кандидати* каде им се нуди финансиска и логистичка поддршка за младите кои се кандидираат за првпат.[22] На крај се и *политичките менторства* каде младите кандидати добиваат ментори во партиите, кои ги водат низ процесот на создавање кампањи и јавен настап.[23]



[22]**Fischer, L., & Müller, K. (2021).***Youth inclusion and political mentoring: Policies and practices in Germany*. Journal of European Politics, 40(1), 102-118.
[23]**Berman, A., & Schmidt, D. (2020).***Political mentorship and youth engagement in Germany: A policy analysis*. Journal of Political Engagement, 28(3), 225-239.

# ЗАКЛУЧОК

Анализата на примери од Австрија, Шкотска, Бразил, Аргентина и Германија покажува дека намалувањето на гласачката старосна граница на 16 години може да донесе позитивни промени во политичката култура и учеството на младите во демократските процеси. Овие држави демонстрираат дека, кога младите се вклучени во гласањето, тие покажуваат висока политичка информираност, зрелост и ангажираност. Во повеќето случаи, гласачката излезност на младите е слична или повисока од онаа на повозрасните групи, особено кога е поддржана со соодветни програми за граѓанско образование.

Клучниот фактор за успех во овие примери е значајната улога на образовниот систем. Во Австрија и Шкотска училиштата активно ги поттикнуваат младите да учествуваат во политички дебати и избори, обезбедувајќи политичка писменост уште од рана возраст. Слично, во Бразил и Аргентина, институциите за политичка едукација и активните кампањи за регистрација на младите гласачи создаваат генерација којашто е подготвена да учествува и да придонесува во демократскиот процес. Овие земји покажуваат дека вклучувањето на младите во гласањето не само што ја зголемува нивната доверба во институциите, туку и поттикнува создавање политичка агенда којашто одговара на нивните приоритети, како што се образованието, животната средина и дигитализацијата.

## Како анализата може да помогне кај нас?

Во македонскиот контекст, анализата нуди неколку важни лекции за поттикнување на поголемо учество на младите во политиката:

- **Намалување на гласачката старосна граница**

Воведувањето право на глас за 16 и 17-годишните би можело да поттикне рана политичка мобилизација. Како што покажуваат примерите, младите коишто гласаат на оваа возраст развиваат долгорочни демократски навики и стануваат постојано ангажирани граѓани.

- **Подобрување на политичката едукација**

Програмите за граѓанско образование во училиштата треба да бидат засилени за да ги подготват младите за нивната улога како активни учесници во политиката. Тие треба да вклучуваат теми како што се разбирање на изборниот процес, правата и обврските на гласачите и важноста на учеството во изборите.

- **Кампањи за политичка мобилизација**

Воведувањето кампањи за регистрирање и информирање на младите за нивните права и можности е клучно за зголемување на политичкото учество. Ваквите кампањи треба да бидат дизајнирани со учество на младите и да користат дигитални канали што се популарни меѓу нив.

- **Фокусирање на младинските приоритети**

Политичките партии и институциите во своите програми треба да ги вклучат прашањата што ги засегаат младите, како што се образованието, работните места и животната средина. Ова би можело да го зголеми интересот на младите за политиката и да создаде чувство дека нивниот глас е важен.

- **Институционална поддршка**

Треба да се формираат младински советодавни тела на локално и национално ниво, што ќе обезбедат платформа за директно учество на младите во процесите на одлучување.

# ПРЕПОРАКИ

## Препораки за намалување на границата за гласање

Намалувањето на гласачката возраст може да биде значаен чекор за зголемување на младинското учество во политичкиот процес, но за да биде успешно, треба да се обезбедат соодветни услови. Врз основа на искуствата од Австрија, Шкотска, Бразил, Аргентина и Германија, препораките до носителите на одлуки во Македонија би можеле да бидат следни:

### 1. Интегрирање на граѓанското образование во формалното образование

- Воведување или зајакнување на програмите за граѓанско образование во средните училишта, со акцент на демократијата, политичкиот систем, изборниот процес и важноста на гласањето.
- Обука на наставниците за користење иновативни пристапи што ќе поттикнат дебата, критичко размислување и интерес за политички прашања кај младите.

### 2. Пилот-проекти за намалување на гласачката возраст на локално ниво

- Започнување со пилотирање на гласање на 16 години на локални избори или во рамките на младинските совети. Ова ќе овозможи постепена адаптација на системот и собирање податоци за влијанието на оваа реформа.

### 3. Поддршка за младинска политичка мобилизација

- Организирање информативни кампањи за подигање на свеста кај младите за нивната улога во демократските процеси.
- Поддршка на младински организации, училишни дебати и проекти што поттикнуваат младинско учество во креирањето на јавните политики.

### 4. Инклузивност и целно прилагодени кампањи

- Политичките партии и институциите треба да развијат пораки и платформи што се релевантни за младите (образование, климатски промени, дигитализација и млади претприемачи).
- Организирање дискусии и работилници во локалните заедници каде што младите ќе можат да учествуваат во отворени дијалози со носителите на одлуки.

## 5. Модернизација на изборниот процес

- Воведување технологии за регистрација на гласачи и онлајн едукација што ќе ја олеснат политичката ангажираност кај младите.
- Обезбедување транспарентност и инклузивност на изборниот процес за да се изгради доверба кај младите.

## 6. Мониторинг и анализа на резултатите

- Спроведување истражувања и анализи за влијанието на намалувањето на гласачката возраст врз изборната излезност и политичката писменост.
- Формирање експертска група којашто ќе ги следи и оценува долгорочните ефекти од реформите.

## 7. Изработка на правна рамка

- Изготвување предлог-закон за намалување на гласачката возраст, заснован на меѓународните примери и најдобрите практики.
- Организирање консултации со младинските организации, академиците и граѓанското општество пред да се усвои законот.

## Потенцијални придобивки:

- **Зголемена политичка свест и учество:** Младите кои започнуваат да гласаат порано покажуваат повисока веројатност за долгорочно учество во изборите.
- **Поинклузивна демократија:** Гласањето на 16 години ги интегрира младите во процесите на одлучување, правејќи ги партнер во демократските промени.
- **Мотивирани институции:** Присуството на млади гласачи ќе ги поттикне институциите и партиите да ги адресираат нивните потреби.

Овие препораки се темелат на докажани практики и можат да се приспособат според локалните контексти и капацитети.

## ПРЕПОРАКИ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ КВОТИ

⇒ **Законска имплементација на квоти за млади**

Усвојување законодавни мерки што гарантираат минимален процент на младински претставници во парламентите и на други нивоа на донесување одлуки. Овие квоти треба да бидат јасно дефинирани и интегрирани во изборните закони.

⇒ **Пониски старосни граници за кандидирање**

Намалување на минималната возраст за кандидирање за јавни функции со цел да се осигура дека младите имаат можност да учествуваат во политичкиот процес на рамноправна основа.

⇒ **Обезбедување транспарентен процес за номинација**

Политичките партии треба да воведат транспарентни процеси за номинирање млади кандидати, коишто ќе ги охрабрат и ќе ги поддржат младите луѓе да учествуваат во политиката.

⇒ **Позитивна дискриминација за младински кандидати**

Применување позитивна дискриминација за да се поддржат младите преку финансиска помош за кампањи, медиумска поддршка или обука за лидерство, со цел тие да можат успешно да се натпреваруваат со постарите и поискусни кандидати.

⇒ **Создавање младински парламентски тела**

Воспоставување постојани младински комисии или форуми во рамки на парламентите што ќе ја осигураат видливоста и влијанието на младите во процесите на одлучување.

⇒ **Подигнување на јавната свест за важноста на младинското учество**

Организирање кампањи за подигнување на свеста за придобивките од младинското учество во политиката што ќе ги охрабрат гласачите да поддржат млади кандидати.

⇒ **Мониторинг и проценка на ефектите од квотите**

Воведување механизми за редовен мониторинг и проценка на ефективноста на младинските квоти, со цел да се подобрат нивната имплементација и резултати.

⇒ **Интернационална соработка и споделување добри практики**

Размена на искуства и добри практики со земји кои успешно имплементирале младински квоти, за да се унапредат домашните политики.



### Заклучна поента

Примената на овие практики би можела да доведе до посилна политичка ангажираност на младите во Македонија. Тие би се почувствувале како важен дел од демократскиот процес, што може да придонесе за подобра репрезентативност, зголемена доверба во институциите и создавање генерација со трајна политичка свест и одговорност.

**II.**

## ДОПОЛНИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ НЕОПХОДНИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ЈАЗОТ ИЛИ „ПРЕКУ МЛАДИНСКА ЗАСТАПЕНОСТ ВО НОСЕЊЕ НА ОДЛУКИТЕ ДО РАЗВИЕНА И УСПЕШНА ДРЖАВА“

### Какви се статистичките податоци за позицијата на младите во Република Северна Македонија?

Младите претставуваат значителен дел од демографската структура на државата, според последниот официјален статистички документ[24]. Тие се 17,8% од населението (на возраст од 15 до 29 години). Сепак, нивната политичка застапеност останува далеку под пропорционалното ниво, што создава јаз во процесите на донесување одлуки и ограничувања во креирањето политики што ги изразуваат нивните потреби и перспективи.

Анализите[25]покажуваат дека младите се минимално застапени во политиката на Северна Македонија. Само 3.6% (3 од 120 ) од пратениците се на возраст под 30 години, а на локално ниво нивната застапеност е уште помала. Овие бројки го рефлектираат поширокиот тренд во Западен Балкан, каде што структурните и културните бариери ги одвраќаат младите од активно учество во политичкиот живот. Како резултат на тоа, нивните гласови често остануваат несоодветно претставени.

Во согласност со потврдените листи на ДИК, на Парламентарните избори во 2024 година[26] учествувале вкупно 1677 потврдени кандидати, претставници на вкупно 17 политички субјекти (политички партии и коалиции), распоредени во шест изборни единици. Просечната возраст на сите кандидати е 46,52 години. Младите кандидати (18-29 год.) сочинуваат 14,6% од вкупниот број кандидати. Проширената возрасна категорија млади кандидати за пратеници (18-39 год.) кумулативно изнесува 35,5%.

---

[24]Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 - прв сет на податоци, Државен завод за статистика (ДЗС), 2022
[25]Анализа на податоците од пописот на населението, домаќинствата и становите од 2021 година коишто се однесуваат на младите, Вестминстерска фондација за демократија, 2023
[26]Анализа за позицијата на младите на Парламентарните избори 2024, Вестминстерска фондација за демократија, 2024

Од Младинскиот сојуз Крушево посочуваат дека според нивните анализи[27] постои континуиран пад на учеството на младите во политиката. Според нивните податоци, само во 25 од вкупно 84 општини во државата функционира Локален младински совет (ЛМС). Нам ниеден министер или заменик-министри, а само еден градоначалник припаѓа во категоријата млади луѓе што ги прави младите луѓе исклучени од процесите на носење одлуки. Не е важно само младите луѓе да бидат прашани, туку е важно да се и директни носители на одлуки“ стои во Анализата „Општество со исклучени млади“ на Младинскиот сојуз – Крушево.

Како позитивен пример кој покажува континуирани резултати може да се посочи и Клубот за младински прашања и политики при Собранието, кој е основан во 2017 година. Клубот е неформално тело, составено од млади пратеници на возраст до 35 години и пратеници кои имаат интерес за младински прашања и политики, членови на сите парламентарни партии, чијашто цел е остварување на интересите на младите во земјата, во соработка со младинските организации, неформалните младински групи и партиските подмладоци. Овој собраниски клуб е основан по примерот на Европскиот парламент и останатите западноевропски парламенти, а неговата цел е придонесување и застапување на младинските прашања и интереси во Собранието. Ова неформално тело досега има реализирано огромен број младински активности, а одреден број предлог законски измени или иницијативи биле и едногласно предлагани или поддржувани од Клубот, независно од фактот што во него членуваат пратенички и пратеници од различна политичка или идеолошка провениенција.

[27]Анализа „Општество со исклучени млади“, Младински сојуз - Крушево, 2023

## Како ова конкретно ќе придонесе за подобрување на позицијата на младите и задржување на младите  во земјата?

Како што претходно споменавме, младите луѓе се важен дел од општеството и носат свежи идеи, енергија и иновации кои се клучни за решавање на тековните проблеми и за градење подобра иднина. Застапеноста на младите во политиката ќе овозможи почитување на нивните потреби и приоритети, како што се создавање подобри услови за образование, вработување и квалитет на живот. За да се подобри позицијата на младите и да се задржат во Република Македонија, потребно е да се креираат поволни услови за нивна политичка, социјална и економска активност. Ова вклучува политичка инклузивност, економски поттик за младите, како и создавање механизми што ќе ја зајакнат довербата во институциите.

Со тоа, очекуваме младите да се чувствуваат поттикнати да останат во земјата и да учествуваат активно во нејзиното унапредување, заедно со сите останати возрасни групи.

Во прилог ќе бидат приложени аргументи за тоа како до подобрување на положбата на младите и нивно задржување во Република Македонија.

### ⇒ Подобрување на можностите за вработување и економски развој

Поттикнување на инвестирањето во нови индустрии може да отвори нови работни места за младите. Програмите за субвенционирање на стартапи и млади претприемачи можат да им овозможат на младите да започнат свои бизниси. Поголемите плати, особено за висококвалификуваните професии, ќе ги задржат младите во земјата и ќе ја зголемат нивната економска независност. Ставање фокус на професиите на сегашноста и иднината[28], односно на можностите за флексибилно работно време, работа на далечина, како и поттикнување и поддршка за „фриленсингот“ како можност која за многу професии го овозможува дигиталното време.

### ⇒ Подобрување на здравствената и социјалната поддршка за младите

Здравствениот систем треба да се реформира со цел да обезбедува целосно квалитетни и достапни услуги за сите, а особено да ги земе предвид и потребите на

---

[28]Анализа на Институтот за добро управување и евроатлантски перспективи (ИДУЕП Институт) со препораки на тема „Што сакаат младите – Професиите на иднината бараат знаења и вештини денес“

младите во делот на здравствена заштита и превенција. Ова може да вклучува достапност до здравствено осигурување, бесплатни или субвенционирани здравствени услуги за млади семејства, како и посебни пакети за средношколци, студенти итн. Подобрувањето на социјалната сигурност, преку субвенции за млади индивидуалци или млади семејства, ќе го зголеми стандардот на живот на младите луѓе и се очекува да ја намали нивната потреба да мигрираат од егзистенционални или причини за подобар квалитет на живот при што, едно од централните места заземаат здравствената заштита, образованието и еколошки чистата средина.

### ⇒ Поддршка на младинскиот активизам и политичкото учество

Подобрување на политичкото и граѓанското вклучување на младите во општеството - Креирање платформи за младите да се вклучат во политиката и да се борат за своите интереси, како што се младински парламенти и советодавни тела.

Позитивен пример за вакви активности е Проектот „Изборен навигатор“ на Центарот за истражувања и анализи НОВУС од Струмица[29] кој нуди програми за вклучување на младите преку развој на лидерство, форуми и можности за вмрежување со цел да се подобри нивната активна вклученост во одлучувањето и напорите за застапување.

### ⇒ Подобрување на правата и слободите на младите

Зајакнување на правата на младите во сите аспекти од основни човекови преку економски или работни до социјални права ќе ја зголеми нивната доверба во системот и ќе ги охрабри да останат. Потребно е реформирање на јавните институции и нивна свесност за потребата од креирање инклузивни младински политики што ќе се фокусираат на: 1) вклучување на младите со сите нивни специфики, различни потреби на целни групи итн.; 2) можност за младите луѓе да одлучуваат во доменот на сите јавни институции и различни сектори, како и во рамките на процесите како на локално, така и на национално ниво; 3) можности за младите луѓе да бидат корисници на различни младински програми, но и да ги спроведуваат политиките и активностите што се наменети за млади со цел носење одговорност за нивната евалуација и потребна промена или приспособување.

---

[29] Проектот „Изборен навигатор“, Центарот за истражувања и анализи НОВУС од Струмица, поддржан од НЕД, 2024

### ⇒ Подобрување на животните услови и инфраструктурата

Инвестирање во модернизација на инфраструктурата во сите региони, од патишта до интернет мрежи, ќе создаде поатрактивни услови за живот и работа за секој човек во целата земја. Но, овие мерки се од огромна важност и за младите луѓе, бидејќи ќе овозможат мобилност, како и услови за поврзување и развој на ранг какви што се нудат за младите луѓе во земјите-членки на Европската Унија (ЕУ) и другите развиени земји.

Дополнително, инвестирањето во сите видови инфраструктура се очекува да ја засили и потребата и желбата на младите луѓе за градење кариера и лични животни планови во својата земја, односно ќе го намали силниот одлив и иселување на млади луѓе кој е својствен за Северна Македонија и Западен Балкан во целина.

### ⇒ Зголемување на вклученоста на младите во сите области на општествениот живот

Поддршка на младите за нивните иницијативи за волонтирање, стартапи и иновации што ќе ги охрабри да се реализираат во земјата и да ги реализираат своите идеи без потреба да се преселат во странство. Со ваквите мерки и активности на вклучување младински претставници во секоја сфера на дејствување, јавните институции и општеството ќе испратат јасна порака дека младите не се само „консументи“ и лица коишто слушаат и извршуваат, туку едновремено се и креатори и обликувачи на својата и иднината на севкупното општество.

### ⇒ Потреба за континуирана образовна реформа и поврзување со пазарот на труд

Потребно е да се понудат програми за стручни обуки, пракса и стипендии за младите кои сакаат да се образуваат во технички и научни области. Ова ќе им овозможи на младите да стекнат релевантни вештини што ќе ги направат конкурентни на пазарот на труд.

Истовремено, приспособување на образовниот систем на новите начини на едукација и воведување компоненти од неформалното, во формалното образование, пракса и конкретни вештини прилагодени на вештините на сегашноста и иднината како што е Вештачката интелигенција (ВИ),

дигитализацијата и сајбер безбедноста, но и занаетчиството како една од најдефицитарните професии.

### ⇒ Поддршка за претприемништво и иновации

Ова ќе им помогне на младите да ја започнат својата деловна кариера без да се соочат со претерани финансиски пречки. Исто така, создавањето менторски и консултантски услуги ќе им помогне на младите да ја унапредат својата претприемничка активност.

За таа цел потребно е поголемо вклучување на младите луѓе и нивните организации кои ги застапуваат со цел прифаќање и спроведување на иницијативите и проектите што тие ги предлагаат. Како еден ваков пример е и предлог-иницијативата испратена до Владата насловена „Младите создаваат во својата земја“[30]која има за цел да одговори на актуелните предизвици со одливот на млади таленти од земјата, нудејќи конкретни мерки за финансиска и институционална поддршка на младите дипломци во земјата. Овој проект е насочен кон стимулирање на претприемничкиот дух кај младите преку доделување ваучери до 10.000 евра што ќе можат да се користат за основање стартапи, сопствени бизниси или продолжување на образованието, односно стекнување нови вештини. Оваа мерка има за цел да создаде можности за младите да ги реализираат своите професионални амбиции дома, наместо во странство, и со тоа да придонесат за економскиот и општествениот развој на земјата.



[30]Предлог иницијатива „Младите создаваат во својата земја“, Националното студентско тело (НСТ) и ИДУЕП Институт, 2024

## Кои активности се предлага да се преземат со цел надминување на овој јаз и придонесување за зголемено и адекватно учество на младите во креирањето политики?

Со цел подобрување на положбата на младите и нивно задржување во Република Македонија, групата автори ги предлага следниве мерки и активности:

1. Поголема вклученост на млади на добитни места на изборни листи со цел добивање мандати во Собранието, оваа активност може да опфаќа и одредени законски измени, а треба да биде поткрепена од страна на политичките партии во државата, како и од сите други општествено-политички фактори во земјата.

2. Законска регулатива за поголема важност на Клубот на млади пратеници (Клуб за младински прашања и младински политики) при Собранието на Република Северна Македонија. Издигнување на Клубот на ранг на Собраниска комисија или, пак, друг правен статус со кој од неформално ќе прерасне во формално законодавно тело со конкретни механизми и правни инструменти за постапување по однос на младинските иницијативи и предлози.

3. Младинска интеграција во креирањето на Буџетот, како и при креирањето на локалните буџетски програми и планови

### 3.1. Воведување „Младински буџет“

Се предлага да се резервира одреден процент од националниот и локалниот буџет, кој ќе биде наменет за проекти и иницијативи што директно ги избираат младите преку своите организации. Овој буџет треба да биде управуван транспарентно, преку младински совети или форуми, за да се обезбеди реализација на потребите и идеите на младинската популација.

### 3.2. Транспарентни консултации за буџетот

Воспоставување редовни јавни консултации при што, младите ќе можат да учествуваат во планирањето и предлагањето буџетски приоритети. Овие консултации треба да бидат организирани и дигитално, за да се овозможи поширок опфат на младинското учество.

### 3.3. Младински проекти со национално значење

Поттикнување млади лидери/лидерки и организации да предлагаат и реализираат проекти што ќе имаат долгорочен придонес за заедницата. Финансирањето на овие

проекти да се обезбеди преку специјализирани фондови во рамките на „Младинскиот буџет“.

### 3.4. Изработка на годишен извештај за „Младинскиот буџет“

Објавување годишен извештај за тоа како и на што се потрошени средствата од „Младинскиот буџет,“ со цел да се обезбеди транспарентност и отчетност пред јавноста. Ова ќе ја зголеми довербата на младите во институциите и ќе ги мотивира за поголемо учество. Дополнително, можност за дигитално континуирано на начините на кои се трошат средствата од „Младинскиот буџет“, како и можностите за предлагање, вклучување и обликување на активностите од страна на младите луѓе.

Со спроведувањето на оваа точка се очекува дополнително да се истакне значењето на младинското учество во процесот на донесување одлуки поврзани со финансиите и ќе обезбеди реален придонес на младите кон развојот на општеството.

## Листа на институции, организации и други субјекти што се надлежни за спроведување на промената и како очекуваме тие да придонесат конкретно?

Во контекст на креирањето политики за правична младинска застапеност во носење на одлуките, потребна е координација помеѓу различни институции, организации и субјекти. Ова се дел од клучните актери идентификувани од страна на групата авторки и автори, како и очекуван придонес од страна на јавните институции:

### 1. ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

#### *Собранието на Република Северна Македонија*

Одговорно за промена во законодавството и поставување на генералната правна рамка со која се о(не)возможува поголемо младинско учество на локално и централно ниво.

Очекуван придонес:

-Зајакната улога на Клубот за младински прашања и политики (Клубот на млади пратеници) со цел постојано поднесување младински иницијативи во легислативната сфера, како и создавање вистинско младинско тело во законодавниот дом.

-Пресек на сите законски акти кои може и треба да се изменат или донесат со цел овозможување правично и поголемо младинско учество на секое ниво на власта, како и стимулативни мерки за оваа намена.

#### *Министерство за образование и наука (МОН)*

Одговорно за креирање програми за развој на младите, обезбедување пристап до квалитетно образование и промовирање активна граѓанска свест кај младите.

Очекуван придонес:

- Воведување образовни програми за развој на лидерски и организациски вештини.
- Поттикнување истражувања за младинските потреби.

#### *Министерство за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ)*

Надлежно за политики за млади, вклучително и нивната социјална и економска интеграција.

Очекуван придонес:

- Обезбедување правна рамка за младинска застапеност во одлучувачките тела.
- Финансиска поддршка за младински иницијативи.

-Поддршка во формирањето и координацијата на младинските совети на локално и национално ниво.

-Организација на програми за инклузија и учество во носење одлуки.

### *Единиците на локалната самоуправа (ЕЛС), локалните младински совети (ЛМС) и Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС)*

Промовирање на младинската инклузија преку создавање младински центри и програми за поддршка и севкупно стимулирање на бројот на градоначалници и советници од редот на младите луѓе на возраст од 18 до 29 години.

Очекуван придонес:

- Воведување младински претставници во локалните одлучувачки тела.
- Поддршка на локални иницијативи и проекти од младите.

## 2. ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

### *Младински организации и мрежи*

Клучни актери за застапување на младинските интереси и активирање на младите.

Очекуван придонес:

- Организација на кампањи за младинска свест и застапеност.
- Поддршка на младинските проекти и иницијативи.
- Вмрежување и градење партнерства

### *Други невладини организации (НВО)*

Работат на градење на капацитетите на младите за учество во носење одлуки.

Очекуван придонес:

- Обезбедување обуки за лидерство, јавно говорење и застапување.
- Поттикнување дијалог помеѓу младите и институциите.
- Предлагање и поднесување повеќе проекти кои во дел или во целост на својот фокус ги ставаат младите и нивните иницијативи, а особено младинската застапеност во процесите на носење одлуки.

## 3. МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ДОНАТОРИ

Поддржуваат проекти за младинска инклузија и развој. Пример: фондови како Еразмус+ и други програми за млади.

Очекуван придонес:

- Финансиска и техничка помош за младински програми.
- Организирање обуки и размена на добри практики.
- Поголем фокус во креирањето Програми за поддршка на младите луѓе, младинските организации, а особено зајакнување на младинската застапеност во процесите на носење одлуки.
- Поттикнување размена на искуства преку меѓународни проекти на млади луѓе и младински организации од различни земји, а со тоа поттикнување на регионалната, европската и севкупната меѓународна соработка.
- Финансирање иницијативи за вклучување на младите во одлучувањето и со тоа давање пример како во секоја програма е потребно во одреден процент да се поддржат младинските или другите организации кои застапуваат млади луѓе.

## 4. ПРИВАТЕН СЕКТОР

### *Компании и корпорации*

Како општествено одговорни субјекти да инвестираат во младински програми. Ваквите програми може дополнително да бидат поттикнати од владините институции преку стимулативни политики и мерки за сите компании коишто ќе се одлучат за носење вакви чекори.

Очекуван придонес:

- Поддршка на стипендии и програми за развој на младите.
- Промовирање младински претприемачки идеи.
- Поставување повеќе млади луѓе на раководни позиции во приватниот сектор, а особено во професионалните здруженија – комори на приватниот сектор.

### 5. Млади активистки и активисти (преку неформални групи и движења)

Активните младински поединци или групи можат директно да иницираат промени преку проекти, протести и други форми на активизам.

Очекуван придонес:

- Промовирање на младинските потреби и права.
- Организирање активности за зголемување на видливоста на младинските проблеми.
- Мотивирање на поголем број млади луѓе да влијаат во општеството и директно да креираат позитивни промени што несомнено ќе доведе до зголемување на капацитетот и квалитетот на младите во носењето одлуки на централно и локално ниво.

## Заклучна поента:



***Само со активна вклученост на сите наведени субјекти, може да се изгради систем што ќе гарантира правична младинска застапеност и придонес кон развој на успешна и инклузивна држава.***

## Шест дополнителни предлог-иницијативи и идеи за соработки и поттикнување на овие институции, организации и други субјекти со цел нивно поголемо вклучување во процесот на креирање на промената: поголема и правична застапеност на младите луѓе во процесите на носење одлуки на централно и локално ниво

За да се поттикне соработката и да се зголеми вклученоста на институциите, организациите и субјектите во процесот, потребно е да се преземат конкретни иницијативи што ќе ја олеснат комуникацијата, ќе промовираат транспарентност и ќе обезбедат активности.

Предлог-иницијативи кои ги изготвија учесничките и учесниците на „Хакатон за политики“ во организација на НОВУС:

### 1. ФОРМИРАЊЕ НАЦИОНАЛНА МЛАДИНСКА ПЛАТФОРМА

*Создавање формална платформа каде што младите и претставниците од институции, организации и компании ќе можат да се состануваат, да разменуваат идеи и да креираат политики преку:*

- Организација на редовни состаноци и форуми.
- Презентација на резултати од младински проекти.
- Препораки за подобрување на законските рамки.
- Овозможување директна соработка помеѓу младите и донесувачите на одлуки.

### 2. ПРОГРАМИ ЗА МЕНТОРСТВО И ПОДДРШКА

Секој младински претставник да добие можност за менторство преку ангажирање ментор/ка од јавна институција, граѓанска организација или приватниот сектор, кој ќе го/ја води низ процесот на одлучување.

- Вклучување успешни лидери од јавниот и приватниот сектор како ментори.

•Обезбедување обуки за комуникација и лидерство.

•Организирање менторски сесии и конференции.

•Развој на младинските капацитети.

•Подобрување на односите помеѓу младите и институциите.

## 3. ЛОКАЛНИ МЛАДИНСКИ СОВЕТИ – КОМПЛЕТИРАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА ОБВРСКА

Воспоставување младински совети во сите општини, кои ќе бидат составени од локални млади, претставници на општините, невладини организации и политички подмладоци.

•Дефинирање на локалните приоритети за млади.

•Организирање акции за локален развој.

•Поврзување со национални институции за решавање поголеми проблеми.

•Поттикнување на младинската инклузија на локално ниво.

•Намалување на одливот на млади од руралните средини.

## 4. МЛАДИНСКИ БУЏЕТСКИ ИНИЦИЈАТИВИ

Освен на локално, воведување на т.н. „младински буџети“ и на национално ниво, каде што младите директно ќе предлагаат и ќе одлучуваат за финансирање проекти кои се во нивен интерес.

•Создавање транспарентни механизми за апликација.

•Организирање јавни дискусии за буџетските приоритети.

•Вклучување на младите во процесот на ревизија и мониторинг на буџетот.

•Овозможување на младите директно или преку нивните младински организации да учествуваат во креирањето политики.

•Поттикнување одговорност кај институциите кон младите луѓе и нивните потреби.

## 5. МЛАДИНСКИ АКЦЕЛЕРАТОР ЗА ИДЕИ

Создавање програма што ќе ги поддржува младите во развојот на идеи преку грантови, обуки и менторство.

Клучни активности:

•Организирање натпревари за младински идеи.

•Обезбедување ресурси за спроведување на најдобрите проекти.

•Поврзување на младите со бизнис-секторот за поддршка.

•Поттикнување на иновации кај младите.

•Вклучување на приватниот сектор во решавање општествени проблеми.

## 6. ЈАВНИ ДИСКУСИИ И ТРКАЛЕЗНИ МАСИ

Организација на редовни јавни дебати на кои, младите, институциите и експертите ќе разговараат за конкретни прашања.

•Дефинирање теми релевантни за младинскиот развој.

•Обезбедување отворен пристап за сите заинтересирани.

•Сумирање на предлозите и нивно доставување до надлежните органи.

•Овозможување двонасочна комуникација.

•Подобрување на транспарентноста во носењето одлуки.

Со овие иницијативи, сите релевантни субјекти ќе бидат поактивно вклучени во процесот, а младите ќе добијат видливост, поддршка и влијание во креирањето на одлуките за иднината.

## Временската рамка за спроведување:

### 1. За период од 1-2 години:

* Идентификација на потребите и приоритетите: спроведување истражувања, анкети и консултации со младите за да се разберат нивните потреби и ставови во однос на учеството во донесувањето на одлуките.

* Образовни и информативни кампањи: Организирање кампањи за зголемување на свеста за важноста на учеството на младите во политичкиот и социјалниот живот.

* Обука и јакнење на капацитетот на младинските организации: Обука за младинските лидери/ки и активисти/ки за да се подобрат нивните вештини во застапувањето и влијанието во процесите на донесување одлуки.

### 2. За период до 5 години:

* Интеграција на младите во процесите на одлучување: Развој на институционални механизми што ќе обезбедат повеќе место за млади пратенички и пратеници во Собранието, советите и сите други органи и тела кои учествуваат во донесувањето одлуки.

### 3. За период до 10 години:

* Целосно воспоставување на младинските механизми за учество: Основање на долгорочни и одржливи институции и механизми што ќе гарантираат континуирано учество на младите во одлучувачките процеси.

* Процес на реформа и адаптација/мониторинг и евалуација: Континуирано следење на ефектите од вклучувањето на младите и, ако е потребно, приспособување на стратегиите за да се осигура поголема вклученост и праведност.

## ЗАКЛУЧОК:

### Зошто е неопходно премостување на јазот и поголемо учество, односно правична застапеност на младите во креирањето политики и носењето одлуки?

Премостувањето на јазот и поголемото учество на младите во креирањето политики и носењето одлуки е од суштинска важност за изградба на поинклузивни, демократски и одржливи општества. Доколку младите се активно вклучени во процесите на донесување одлуки, тие не само што ќе придонесат со нови идеи и перспективи, туку ќе помогнат и во формирањето политики што ќе обликуваат подобра иднина за сите целни групи. Затоа, секоја општествена структура треба активно да работи на поттикнување за учеството на младите, како и во создавањето услови за нивно активно, правично и целосно застапување во општествените процеси.

Зголемувањето на бројот на кандидати од редовите на младите на пратеничките листи и листите за советници и градоначалници е важен предуслов кон создавањето инклузивни, демократски и праведни општества. Преку поголема застапеност на младинските претставнички и претставници на овие листи, ќе се овозможи креирање политики што ќе ги земаат предвид потребите на сите генерации и ќе обезбедат одржливи решенија за иднината во сите домени на управување.

Исто така, зголемувањето на бројот на млади пратеници, советници и градоначалници е клучно за развојот на инклузивни, праведни и одржливи општества уште на основно локално ниво. Присуството на младите во политиката не само што ја освежува политичката сцена со нови идеи, туку обезбедува и создавање политики што ќе бидат во интерес на идните генерации. Младите се носители на промени и иновации и нивната активна улога во креирањето на политиките се очекува да предизвика долгорочен позитивен ефект врз општеството. За да се остварат овие цели, потребни се конкретни и системски мерки што ќе обезбедат поголема застапеност на младите во политиката, како на национално, така и на локално ниво.

Со цел да се обезбеди напредок и да се адаптираат јавните институции на современите предизвици, важно е да се создадат услови младите луѓе да преземат и значајни позиции како министри, заменици-министри и директори на јавни институции. Патот до оваа цел води и преку формалното образование, каде што е неопходно организирање менторски програми со искусни професионалци коишто ќе ги водат младите и ќе им помагаат да ги идентификуваат и континуирано да ги развиваат своите лидерски способности. Понатаму,

младите луѓе треба да се изборат и да добијат можност да започнат да работат на позиции со висока одговорност што се смета дека се резервирани само за повозрасни лица, како и да добијат поддршка во своите амбиции и активности од страна на искусни лидери или т.н. ветерани.

На крајот, еднакво значајно е да спомeнеме и дека самите млади луѓе треба секојдневно да покажат и докажуваат дека постигнуваат конкретни резултати и тоа преку воведување иновации во своето дејствување, создавање нови иницијативи и решавање проблеми на локално или национално ниво.

## Корисни линкови:

https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=146

https://www.wfd.org/sites/default/files/2024-08/Youth%20on%20elections%202024%20MK.pdf

https://www.wfd.org/sites/default/files/2024-08/Youth%20on%20elections%202024%20MK.pdf

https://izborennavigator.mk/

https://www.vesti.mk/article/65c8dc5b8617e01cc1bb30cb

https://iduep.org.mk/2023/03/21/analiza-na-iduep-so-preporaki-shto-sakaat-mladite-profesiite-na-idninata-baraat-znaena-i-veshtini-denes/

https://iduep.org.mk/2024/10/24/nst-i-iduep-so-predlog-initsijativa-do-vladata-mladite-sozdavaat-vo-svojata-zemja/

Центар за истражување и анализи НОВУС

NED

Овој документ е дел од проектот „Иницијатива за зајакнување на демократијата: зајакнување на политичкиот ангажман и учество во Р.С.Македонија“, финансиски поддржан од Националната фондација за демократија (NED). Проектот има за цел да ја зајакне политичката писменост и учеството на младите во демократските процеси во Северна Македонија. Проектот се реализира од Центарот за истражување и анализа НОВУС.